四

**Архимандрит Георгиј Капсанис**

# КРСТОТ ХРИСТОВ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШИОТ ЖИВОТ

# ГОСПОДВАТА МОЛИТВА

ПРАВОСЛАВНА ПЕРИОДИКА
**ПРЕМИН**

---

**Наслов на изворникот:**

**Αρχιμανδριτου Γεωργιου**
**Καθηγουμεου Ι. Μονης Οσιου Γρηγοριου**
**Ο ΣΤΑΥΡΟΣ ΤΟΥ ΧΡΙΣΤΟΥ**
**ΚΑΙ Η ΣΗΜΑΣΙΑ ΤΟ Υ ΣΤΗΝ ΖΩΗΝ ΜΑΣ**

**Η ΚΥΡΙΑΚΗ ΠΡΟΣΕΧΗ**
**Ιερα Μονη Οσιου Γριγοριου**
**Αγιον Ορος 1998**

**Со благослов на митрополитот струмички г. Наум**

**Издава: Премин Д.о.о. Скопје**
**Уредник: монах Агатон**
**Превод: М. Н.**
**Лектура: Редакција Премин**

**Книгата излегува со финансиска помош на**
**Министерството за култура на Република Македонија**

**Книгата е издадена по повод 50 години од**

**возобновувањето на Охридската Архиепископија**

**во лицето на Македонската Православна Црква**

## Предговор

Животот во Христа не е живот немарен, неодговорен, живот безгрижен, без труд. Ја има вистинската среќа, големи и суштински радости, многу и најдлабок мир, кои меѓутоа се постигнуваат полека - полека и се одржуваат и се умножуваат преку крстоносниот живот.

Крстот Христов постои и се повторува во животот на Светите, во животот на верните, на учениците Христови и денес. Тој го разубавува нашиот живот, нѐ образува во Христа, нѐ созрева, нѐ подготвува за Воскресението, за вечниот живот.

Светот вон Црквата се плаши од Крстот Христов, му се потсмева, се гнаси од него, се одрекува од него на секој начин. Така останува без Неговиот благослов, без Неговата сила, без надеж во сегашниот и во идниот век. Смирените ученици Христови со многу трпение го носат Крстот во својот живот, макар и со немоќи, со несовршенства, коишто ден за ден се премавнуваат и на нивното место се отпечатуваат крсните на љубовта "рани Исусови" во нивното тело и душа.

Тоа се тие кои произлегуваат "од големата скрб" и се обелува нивната облека со крвта на Агнецот.

Тоа се тие кои можат да љубат вистински во Христа, да го сфатат ближниот со неговите гревови и слабости, да го прифатат каков што е, дури и кога не го цени тоа, како што Самиот Господ нѐ возљуби без да го цениме тоа.

Тоа се тие кои со подигањето на Крстот Христов во нивниот живот ја држат Божјата благодат во нашиот болен свет, и го одржуваат, го разубавуваат. Не се и денес малку тие кои го љубат Крстот Христов во нивниот

живот. Не се малку тие кои што го претпочитаат наместо лесните светски решенија, пазејќи “сурови патишта” само и само “заради зборовите од усните Исусови”.

Со нив копнееме да се вброиме, со благодатта Божја, и ние што поради нашите слабости тешко го распнуваме на Крстот Христов стариот човек, нашиот горд разум, и да велиме со секојдневната наша пракса: “На Твојот Крст се поклонуваме Владико...”

(Март 1997)

***КРСТОТ ХРИСТОВ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШИОТ ЖИВОТ***

## Чесниот Крст како символ и знак Христов

Чесниот Крст е најсветиот знак и символ на нашата вера. Сите свети Тајни се извршуваат со призивот на Светиот Дух и со печатот на Крстот: Крштението, Миропомазанието, Евхаристијата. Сите свештени благослови се во знакот на крстот. Светите храмови, светите садови и одежди се осветуваат со Чесниот Крст. Не може да се замисли литургиско дејство или собрание на верните без печатот на Чесниот Крст.

Крстот е и најверниот пријател на секој православен христијанин, од моментот кога кога ќе се родиме па до нашата смрт. И гробот на секој христијанин се обележува со Крст. Знакот на крстот го ставаме на нашите гради, на нашите работни места, во нашите домови, во нашите автомобили, и како што пее Црквата: "Крстот е чувар на целата Вселена, Крстот е красота на Црквата, Крстот е утврдување на царевите, Крстот е поткрепа на верните, Крстот е слава на ангелите и рана за демоните".

Крстот е не само најсвет и најомилен, туку и најнезаменлив христијански символ. Без него не може да се замисли Црквата на Распнатиот Христос. Затоа еретиците или не ја искажуваат должната почит кон Чесниот Крст (како што се Протестантите или Евангелистите), или целосно го одречуваат и го навредуваат (Јеховините сведоци).

Во Старечникот е опишано како Јован Востринос, човек свет и со власт над нечистите духови, ги прашал демоните: "Кои работи кај христијаните најмногу ве плашат?" Тие му одговориле: "Од три работи се плашиме: од она што го носите околу вратот, од она со

што се попрскувате во храмот и од она што го јадете на Литургија”. Тој пак ги прашал: “Од тие три нешта, од кое најмногу се плашите?”, а тие му одговориле: “Ако добро го пазите она со што се причестувате, никој од нас не би можел да му наштети на ниту еден христијанин.” Значи она од што најмногу се плашат демоните се: Крстот, Крштението и Причеста”.

## Силата на Чесниот Крст

Благодатта и силата на Чесниот Крст не се должат на неговата форма, т.е. од самото тоа што е крст, туку на тоа дека е Крст Христов, средство преку кое Христос го спаси светот. Тоа е жртвеникот на којшто Христос се принесе Себеси жртва за целиот свет, како жртвоприносител и како жртва. Сето смирение, осиромашување, мака, болка, смртта што ги прими за нас, кулминираат на Крстот. На Крстот ја доживеа најдлабоката болка и унижување за нас. Заради нас стана клетва, за да нè ослободи од клетвата на гревот и на законот. Сето дело Христово, сето Негово човекољубие се резимира во Неговиот Крст. Свети Григориј Палама ни раскажува како некој иронично го запрашал еден од богоносните отци дали верува во Распнатиот, а тој му одговорил: Да, верувам во Тој што го распна гревот.

На Крстот Богочовекот Христос ја разреши трагедијата на човековата слобода што ја предизвика непослушноста на првосоздадените, станувајќи “послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на крст” (Фил. 2, 8) и повторно ја насочи нашата слобода кон нашиот Создател, кон Троичниот Бог. На Крстот ја

победи смртта - “со смртта смртта ја победи” - со тоа што нашата смрт ја направи Своја смрт, и со Своето Воскресение ни подари живот и непропадливост.

Преку Крстот нѐ помири со Бога Отецот и ни го подари отпуштањето на нашите гревови. На Крстот покажа на најуверлив начин дека нѐ љуби со бескрајна љубов, дури и во часот кога Го распнуваме.

Преку Крстот нѐ собра и нѐ соедини во едно тело, нас претходно растурените чеда Божји, ги урна непробојниот ѕид што нѐ одделуваше и “во Себе создаде еден нов човек” (Еф. 2, 15). На Крстот ги очисти и ги освети небото, воздухот и земјата, бидејќи се распна под небото, се издигна во воздухот, а Неговата пресвета крв се пролеа на земјата.

На Крстот принесе севкупна жртва за целата земја и очистување општо за целата човечка природа. Затоа и пострада надвор од градот и вон храмот Соломонов, како што забележува св. Јован Златоуст.

На Крстот со Своето “издигнување исполнето со смирение”, како што вели една древна молитва, ја издигна и нашата природа којашто “преку лажното издигнување и суетно движење падна дури до адот”. На Крстот објави дека овој свет не е конечната реалност, туку е само пат кон конечната реалност, доколку во него крстоносно се бориме против нашиот егоизам. Така ја воспостави позитивната смисла на овој свет.

На Крстот се откри Себеси како единствен добротвор и спасител, ослободител и животодавец на целиот свет, и дефинитивно го уништи делото на ѓаволот, неговите лукавства, прелести, силата и власта над луѓето. Затоа и ѓаволот “трепери и се плаши не поднесувајќи ја Неговата сила”. Крсната смрт

Господова е живототворна и искупителна, принесува живот и ослободување:

а. Бидејќи е доброволна.

Господ оди кон смртта не како осуденик, туку како цар кој се жртвува за Своите поданици, како што вели: “со крштевање треба да се крстам и колку Ми е мачно дури не се сврши тоа” (Лука 12, 50). Затоа Византијците пишуваат над Крстот: “Царот на славата”, и Го изобразуваат Господа не обземен од болка (со телото обесено на рацете во целосна слабост), туку Господар и на болката (рацете на Крстот се хоризонтални).

б. Бидејќи е вистинска смрт.

Нестрадален според Божеството, Господ пострада за нас телесно. Неговата Божествена природа допушти Неговата човечка природа да мине низ претсмртната агонија и низ Крсните страдања. Требаше да ја доживее целосно нашата смрт, а не површно. Во Гетсиманската градина Неговата човечка природа навистина се исплаши, но повторно ѝ се потчини на Божјата природа и волја. Така и пострада и умре за животот и спасението на светот.

в. Бидејќи Тој што пострада е безгрешен.

Пострада и умре безгрешниот за грешните. Основна вистина е дека Господ беше безгрешен, бидејќи Неговата човечка природа од самото воплотување беше соединета со Божјата природа, поради тоа што

ова единство е ипостасното единство во Личноста на Логосот Божји.

Крстот христов беше и е “за Јудејците соблазна, а за Елините безумство”; за нас, пак, верните, Христос е “Божја сила и Божја премудрост” (1. Кор. 1, 23). Тоа е најголемиот парадокс во историјата: Преку смртта животот. Преку клетва - благослов. Преку понижување - слава. Преку смирение - издигнување. Како што вели св. Григориј Палама: “Ова е мудроста и силата Божја: да победи преку слабоста, да се издигне преку смирение, да се збогати преку осиромашување”.

Не е случајно тоа што Господ не сакаше да остане во славата на Преображението и да го избегне Крстот, туку симнувајќи се од Тавор, ги подготвуваше Своите ученици за “она што ќе се случи со Него” (Марко 10, 32).

Кога Петар Го советуваше да ја избегне крсната смрт, Господ строго го укори: “Бегај од Мене, сатано! Ти си Ми соблазан, оти мислиш не за она што е Божјо, а за она, што е човечко” (Мат. 16, 23). Одејќи, пак, кон доброволното страдање, велеше: “Сега се прослави Синот Човечки” (Јован 13, 31). И на други места во Евангелието Крстот се карактеризира како слава Христова (Јован 12, 23). Како што вели св. Јован Златоуст: “Крстот претходно беше знак за срам и казна, а сега стана повод за слава и чест. А дека Крстот е слава, чуј Го Христа Кој вели: Оче, прослави Ме со славата што ја имав во Тебе уште пред светот да постане.”

## Учеството на христијаните во Крстот Христов

По укорувањето на Петар, Господ и од Своите

ученици бара и тие да живеат крстоносно: "Тогаш Исус им рече на учениците Свои: ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, да го земе својот крст и да оди по Мене" (Мат. 16, 24). На синовите Заведееви и на нивната мајка, кои побараа први места, Господ им рече: "Не знаете што барате. Можете ли да ја пиете чашата (на страдањата) што ја пијам Јас или да се крстите со крштевањето со кое се крштавам Јас?". Јасно е од овие зборови Господови дека "Христос пострада за нас, оставајќи ни пример за да врвиме по Неговите стапки" (1. Пет. 2, 21).

Крстот не е само "знак" или "символ" Христов, туку е и начин на живеење на Христијаните, или поточно, единствениот начин на живеење на христијаните. Како што не може да се замисли вистинскиот Христос без крст, така не може да се замисли ни вистински христијанин без крст, т.е., без учество во Крстот Христов, како што ни вели Самиот Спасител: "Кој не го носи својот крст и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик" (Лука 14, 27).

Но што значи да се следи Христос и да се носи крст, т.е. да се живее крстоносно?

а. Го распнувам стариот човек (моите страсти)

"Оние, пак, кои се Христови, го распнаа телото свое со страстите свои и похотите" (Гал. 5, 24). Се одречувам од стариот човек и се борам да ги искоренам од мојата внатрешност гревовните и егоистички страсти, егоцентризмот и себељубието.

Форми на себељубие се: маловерието и неверието; незаинтересираноста за ближниот и, уште

полошо, искористување на ближниот; сластољубието и телослужењето; алчноста и среброљубието; злопамтењето и клеветењето и секое дело со кое ги повредуваме и натажуваме нашите ближни; славољубието и празнославието.

Себељубивиот, според светите Отци, не може да биде ниту богољубив ниту човекољубив. Може да се преправа дека е богољубив и човекољубив, но во суштина се љуби само себеси со болна љубов. Ако не го распнеме нашето себељубие на Крстот Христов, не можеме да бидеме Негови вистински ученици, затоа што не можеме да ја стекнеме Неговата вистинска љубов. Затоа и Павле, подражавателот Христов, вели: "А мене да не ми даде Господ да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот" (Гал. 6, 14). Светот, според св. Исак, е нашиот острастен однос спрема созданието, т.е. нашите страсти. А "светот е распнат за мене и јас за светот" значи дека ги збегнувам не само гревот, туку и гревовните желби и гревовните помисли.

Тоа умртвување можеме да го постигнеме, бидејќи во Светите Тајни сме умреле и воскреснале во Христа. "Ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме", и така можеме и да одиме "во обновен живот" (Рим. 6, 3 - 4). Во нашиот замрен живот, преку светото Крштение, ни се дава нов живот во Христа. Христијанскиот живот по светото Крштение претставува борба "потенцијалното" да стане "стварно". Обновениот и дарениот во нас нов живот во Христос треба да го победи и преобрази секој елемент на нашиот мртов и стар човек. Таа борба

е Крст.

Толкувајќи ја оваа тајна, св. Григориј Палама ни зборува за нашето бегање од светот (првата тајна на Крстот). Потоа, кога светот, преку лоши помисли, нè попречува да Му се предадеме на Бога, потребо е да го отстраниме светот од нас (втората тајна на Крстот). Првата тајна соодветствува на практиката, а втората на созерцанието. Тука св. Григориј нагласува дека без созерцание не можеме да го очистиме нашиот внатрешен човек од лошите и страсни помисли. “Кога преку практичната добродетел ќе стасаме во теоријата, и го подобриме и очистиме нашиот внатрешен човек, и во него ја побараме скриената божествена ризница, и тука го најдеме Царството Божјо, тогаш ние се распнуваме за светот и за страстите. Зашто преку тоа преиспитување во нашето срце се раѓа една топлина што ги задушува лукавите и нечисти помисли како муви, носи во душата духовен мир и утеха, а телото го осветува”. Но и св. Исак нагласува дека: “Дејството на Крстот е двојно... Едно е во трпението при телесните неволји, и тоа се нарекува практика (πραξις); а второто е во внимателната работа на умот и во непрестајната молитва, и тоа се нарекува созерцание (θεωρια).

Чудесното е тоа што Крстот Христов, според св. Григориј, дејствувал и во Стариот Завет. Во Стариот Завет постоел образот на Крстот, т.е. многу дејства и чудодејства кои биле извршени со знакот на Крстот, какво што било крстовидното расекување на Црвеното Море од страна на Мојсеј, при што се спасиле Израилците и се удавиле нивните непријатели. Се наведуваат околу 20 предобрази на крстот во Стариот Завет. Имало и праведни луѓе кои

биле предобрази на Распнатиот Христос, како што бил Исак кој со својата послушност спрема татко му бил предобраз на Христовата послушност на Бога Отецот до смрт; потоа Јосиф, кој неправедно бил изгонет и претрпел многу страдања, исто така бил предобраз на неправедно заклaниот Господ. А и во сите старозаветни праведници преддејствувала тајната на Крстот како практика и созерцание, и преку дејството и силата на Крстот го победиле гревот и се помириле со Бога. Крстот дејствувал во Авраам, кога ја умртвил во себеси љубовта за татковината и заминал во непознатата земја, според Божјата заповед. Крстот дејствувал во Мојсеј, кога тој ги презрел почестите што ги имал на Фараонскиот двор и ги одбрал страдањата за својот народ. Крстот повторно дејствувал кога Бог го повикал Мојсеја да ги собуе обувките на нозете пред да се искачи на Горатa, т.е. да го умртви плотското мудрување преку силата на Боговидението.

Св. Григориј вака завршува: “Нема да имам доволно време да раскажувам за Исус Навин и за судиите и пророците после него, за Давид и тие после него, коишто со дејството на тајната на Крстот го запирале течењето на реки, го запреле сонцето, уривале градови на нечестиви, победувале во војна, уништиле војни логори на противници, ја изгаснале силата на огнот, затвориле уста на лавови, мртви воскреснале, со својот збор го затвориле небото и пак го отвориле, правејќи ги неплодни и повторно плодни облаците. Заклучокот е дека “и пред Христовата крсна жртва Крстот бил тој кој спасува”.

Ако Крстот преддејствувал во сите старозаветни праведници, тогаш разбирливо е дека

тој, пар еџелланце, преддејствувал во Пресвета Богородица, Приснодева Марија, која од почетокот успеала во тоа “човекот да го отфрли од себе сето она што не Му е угодно на Бога”. Никогаш не се извалкала себеси ниту со ниска помисла, и од најмлада возраст го направила тоа што Авраам го направил во својата старост: излегла од својот дом и од своето семејство и влегла во Свјатаја Свјатих, кадешто, издигнувајќи се над секоја земна помисла, го соединила својот ум со Бога и останала во непрестајно созерцание на Бога.

Секако, Крстот во животот на Пресвета Богородица, како практика и созерцание, не бил ист како во животот на старозаветните праведници коишто имале удел во гревот. Крстот за нив била борба за надминување на гревот, додека кај непорочната, неосквернета Богородица Крстот бил возвишување од сила во сила, од слава во слава и од созерцание во созерцание. “Од моментот кога се родила”, вели св. Никола Кавасила, “градела пребивалиште за Оној Кој може да го спаси човекот, се борела беспрекорно да го уреди Божјото живеалиште, т.е., самата себеси, за да биде достојно да Го прими”.

За таа крсна борба на Пресвета Богородица и за созерцанието (гледањето на Бога) што го имала во Свјатаја Свјатих, ни зборуваат св. Григориј Палама и св. Никодим Светогорец во нивните прочуени беседи на “Воведение на Пресвета Богородица”.

б. Ги поднесувам неволните искушенија и страдања во животот трпеливо и благодарно

Тешките и неизлечиви болести, смртта на

нашите сакани личности, како и самата наша смрт, неправдата, неблагодарноста и презирањето, гонењата што понекогаш ги поднесуваме, сиромаштијата и другите страдања претставуваат прилики кои, ако правилно ги употребиме, нѐ сораспнуваат и совоскреснуваат со Христос.

Ако негодуваме, духовно си наштетуваме. Ако ги прифатиме пасивно, стоички, зашто не можеме поинаку, и тогаш немаме полза. Меѓутоа ако ги прифатиме како Божја посета и како прилики за наше духовно усовршување, тогаш ползата е голема. Доброволното прифаќање на крстоносното страдање како дар на Божјата љубов за нашето духовно усовршување, нѐ издигнува во висината на светите маченици. На пример, христијанин кој на болничка постела страда и трпи и Му благодари на Бога, се покажува како исповедник на силата на верата и како современ маченик, бидејќи преку прифаќањето на Крстот неволното го претвора во доброволно страдање. Еден светогорски подвижник рекол: Едно славословие “Слава ти Боже” во мигови на болест има поголема вредност од илјада “Господи Исусе Христе”, кога сме здрави.

На Христа сораспнатиот Павле, кој на своето тело ги носел раните Христови, нѐ уверува: “Ако трпиме, со Него и ќе царуваме” (2. Тим. 2, 12). Овој став го покажале во животните страдања сите светии, на чело со блажениот и многустрадалниот Јов, кој затоа се смета како праобраз на Христос. Јов бил праведен, не бил безбожен и грешен, па сепак Бог допуштил тој да мине низ неподносливи страдања, додека други безбожници напредувале.

Истакнатиот православен теолог отец Димитриј Станилое во врска со оваа тема нѐ учи: "Бог го има правото да ги дава Своите дарови и да ги одзема. А човекот не би требало да Му се приближува на Бога затоа што Тој му дал извесни дарови. Таквиот став спрема Бога не би претставувал израз на вистинска љубов, туку само една приврзаност кон Него заради самите дарови. Тоа би значело да ги ставиш даровите над Дарителот. Во тој случај односот на човекот со Бога би се засновал просто на еден договор, и човекот би можел да каже: Ќе Ти бидам посветен онолку колку што ми даваш. Еден таков став од страна на човекот би значело дека Бог не е достоен да биде возљубен Сам по Себе. Тогаш тој однос би зависел од ползата што човекот ја има од даровите што Бог му ги дава. Тогаш човекот, всушност, единствено би се сакал самиот себеси. На тој начин даровите, како знаци на Божјата љубов и како начини на коишто човекот влегува и одржува еден личносен однос со Него, би ја изгубиле својата смисла. Даровите имаат смисла само тогаш кога ќе стапиме во вистински личносен однос со Бога, однос кој е над сѐ што е материјално. Единствено таквиот однос не е оптоварен со материјални идоли. Сите наши идеи за нештата и за даровите коишто Бог ни ги дава наполно исчезнуваат во светлината на таквиот однос. Така очистени, целосно се принесуваме себеси на Бога и се издигнуваме до еден дијалог на љубов со Него. Тогаш чувствуваме дека Бог е бескрајно поголем од сите Негови дарови и од сите Негови созданија и дека, преку таквиот однос со Него, биваме издигнати на едно поинакво рамниште на постоење, при што повторно го добиваме сето она што сме го изгубиле.

Христијанинот кој во себе ја има Божјата љубов за секого , онаа љубов што ја претставува непропадливата и неисцрпна реалност, чувствува дека ја има најголемата од сите радости, поголема од радоста што сите нешта од овој свет можат да му ја пружат, поголема и од радоста на самото негово постоење. Тоа е факт којшто добродетелните луѓе го откриваат во своето страдање. Тој крст му се дава на човекот за да успее да Го открие Бога на едно друго рамниште на постоење, во една апофатична длабочина. Но, исто така, и да им покаже на другите дека постојат и такви коишто можат да пребиваат соединети со Бога, дури и тогаш кога изгубат сѐ што имаат, па дури и тогаш кога изгледа дека Самиот Бог се оддалечува од нив".

Во Христовите страдања, на еден особен начин, учествувала и Богородица. "Богородица учествувала и сострадала така што придонела за возвишеното испразнување (кеноза) на Бога Логосот", според свети Григориј Палама. Уште од зачнувањето на Логосот од страна на Светиот Дух во нејзината света утроба, почнаа и нејзините искушенија. Јосиф, не можејќи да го објасни нејзиното натприродно зачнување и бременоста, "намисли тајно да ја отпушти" (Мат. 1, 19). Мора да била голема тогаш болката на едноставната и непорочната девојка Марија. Искушенија и тешкотии имало и кога барала место да се породи, зашто ретко се случува жена готова за породување да не може да најде место да роди. Искушение било и убивањето деца од страна на Ирод, искушение било и нивното бегство во Египет. Без покрив над главата во Витлеем, бегалци во Египет. Искушение и агонија претрпела и кога, при поклонението во Ерусалим, го изгубила на три

дена својот дванаесетгодишен син. Секоја болка на Исуса за време на Неговата тригодишна дејност била и нејзино искушение. Да го чуеме светиот Никола Кавасила: “И заедно со својот Син учествуваше во понижувањата и во навредите. И кога оние на коишто Исус им добротвореше, Му завидуваа и Го мразеа, Дева Марија страдаше заедно со Него и ги примаше стрелите на нивната омраза... Кога, пак, Спасителот требаше да страда и да умре за нас, колку големи беа болките со коишто Му сочувствуваше Дева Марија! Какви стрели ја прободоа! Зашто, ако нејзиниот Син беше само човек и ништо друго, тогаш никој ништо потешко не би можел да ѝ придаде како мајка. Но сега е нејзиниот единствен Син што Го донесе на светов самата, на чудесен начин, што никогаш не ја натажи ниту неа ниту некого од луѓето, туку напротив им добротвореше на сите толку, така што ги надмина сите нивни очекувања. Значи, какви чувства е природно да имаше Девата кога Го гледаше нејзиниот Син во толку страшни маки, Него Кој што беше добротвор на човечката природа, “Кроткиот, смирениот по срце”, Него Којшто никогаш “не се караше ниту викаше”, Когошто никој никогаш не би можел да го обвини ни за најситно нешто, кога Го гледаше да биде влечен од оние диви ѕверови, да биде соголуван, удиран, да биде осуден со најтешката пресуда, да умре со најсрамната смрт заедно со грешните луѓе, вон секаков поим за правда и закон, како што се случува со тиранин? Лично верувам дека таква мака никогаш во никој човек не може да постои... Затоа во часот на страдањата Девата ја обзеде преголема и неопислива тага, таква каква што никогаш приближно не ја почувствувал човек.

Зашто таа го виде распнувањето како мајка, но и како човек со правилен суд, како некој кој може чисто да ја препознае неправдата. Зашто требаше да земе дел во секое нешто што Го направи нејзиниот Син за нашето спасение. Како што Му ги предаде крвта и телото и зеде удел во Неговите благодати, така на истиот начин зеде удел и во сите Негови маки и страдања. Он закован на Крстот прими копје во реброто, додека меч го прободе срцето на Девата, како што возвести светиот Симеон. На истиот начин и сите други мачења што ги предизвикуваа оние "кучиња" заедно на Синот и на Мајката. Исто и кога употребувајќи негови зборови Го обвинуваа како надмен, и кога Го нарекоа измамник и се бореа да ја докажат Неговата измама".

Праведниот Симеон при Сретението прорече дека меч ќе ја прободе светата душа на Богородица. Тој меч многу пати ја повредуваше. А по Вознесението на нејзиниот Син, повторно помеѓу Апостолите и првите Христијани таа прва го понесува Крстот на гонењата и ги утврдува и насочува во апостолското дело. Како што тогаш при распнувањето на нејзиниот Син "стоеше до Крстот" и сострадуваше и се сораспнуваше со Него, така и по Неговото Вознесение таа го понесува Крстот на Црквата и таа е сострадална мајката на Христијаните.

в. Примам неволни маки, лишувања, борби за љубовта кон Бога.

Самиот Господ нè научи дека е тесна вратата и дека е тежок патот на Евангелието, и дека Царството Божјо насила се зема и силните го грабаат. Без напор

и работа над самиот себе, стариот човек не отстапува, страстите не се искоренуваат.

Со пост, бдение, коленичења, правостоењето и со сета благословена православна аскеза се зауздуваат страстите и христијанинот од плотски станува духовен. Се подвизува да не се прилепува острастено за луѓето и за материјалните добра. Да живее не како животно, туку како икона (образ) Божја. Да не го употребува светот потрошувачки, туку евхаристично. Позната е светоотечката девиза: Дај крв и прими дух. Постот на Великата Четириесетница е тежок. Меѓутоа без трудот на постот - сораспнувањето со Христа - не може да се доживее радоста на Воскресението.

Во нашата Православна Црква, каде што се подвизуваме крстоносно, го примаме искуството на Воскресението. Сè во Црквата е воскресно затоа што сè е крстоносно. Нашата Црква е Црква на Крстот и на Воскресението. Без Крст нема Воскресение. Но ниту Крст има по кој не следи Воскресението. Затоа ние православните и Велики Петок го празнуваме воскресно, додека на Запад (Римокатолиците) и Пасха ја празнуваат во знакот на крстот. “На Твојот Крст му се поклонуваме, Владико, и Твоето свето Воскресение го славиме”.

Така и Божествениот Златоуст ја започнува својата беседа “За Крстот” со следниве зборови: “Денес имаме празник и торжество, затоа што нашиот Господ се наоѓа закован на Крстот...Крстот е основата на нашето спасение, Крстот е претпоставка за безбројните добра”.

Во трудот и маката на аскезата и на крстоносниот живот се крие најтаинствената и

вистинска радост и спокој, како што впрочем Самиот Господ го вети тоа: "Блажени се оние што плачат, оти тие ќе се утешат". Жалоста на покајанието и на аскезата е, според светите Отци, радоснотворна жалост.

Аскетски беше и животот на нашата Пресвета Богородица, особено како што рековме во Свјатаја Свјатих. Од Христа Спасителот и од Пресвета Богородица, ја научија крсната аскеза и светите Апостоли ѝ ја предадоа на Црквата. Во нашата Православна Црква нашиот народ се воспитувал и стекнал аскетски и крсновоскресенски етос. Тој етос му помогнал да ја истрпи суровоста на варварските освојувачи околу 400 години, но и да ги понесе гол и немоќен маките, страдањата и опасностите на ослободителната војна од 1821 год[1]. Простите и неписмени мајки, но мудри според Бога, коишто ги поучуваа своите деца во верата, молитвата, постот, метанијата (да се сетиме на случајот на Макријани) ги подготвиле вистински слободните луѓе кои станале и предводници на брбата за националната слобода.

А денес какво воспитание им даваме на нашите деца и колку им помагаме да го надминат својот егоцентризам и да станат вистински слободни луѓе? Денес се рекламираат и наметнуваат и други форми на аскеза, неправославни и нехристијански. Евангелската и православна аскеза нема никаква врска со аскетските методи на различните источни, хиндуистички ереси од типот на јога, кадешто аскезата има човекоцентричен карактер и е една гимнастика на волјата, а не е сораспнување со Христа.

Во нашата Православна Црква аскезата никогаш не е цел сама за себе, цел што завршува во

самооправдување. Секогаш е средство за да ја стекнеме благодатта на Светиот Дух и вистинската љубов спрема Бога и спрема човекот. За православните христијани носењето на Крстот е израз на послушност и љубов кон Бога. Тоа е антидор[2] и возвратен принос кон Господа Кој се жртвуваше за нас.

И уште, страдањата за Христос можат да Му се принесат на Бога и за Црквата, како што правеше апостолот Павле: "Сега се радувам во своите страдања за вас и го пополнувам недостигот од Христовите маки во мојата плот за телото Негово, кое е Црквата" (Кол. 1, 24). Во страдањата на многу свети маченици (свети Харалампиј, свети Модест, свети Анастасија Римјанка) ги гледаме како тие Му го принесуваат на Бога своето страдање и својата смрт, за сите напатени луѓе кои ќе се повикаат на нив во своите молитви. Знак на совршена љубов е верниот да Му ги принесе своето трпение во страдањата и трудот од аскезата на Бога, не само за своето сопствено спасение, туку и за спасението на неговите ближни.

## Крстот и современиот свет

Живееме во еден свет во кој владее антикрсниот дух. Во еден свет кој како свој идеал ги има себељубието, свет без морал, свет во кој е најважно задоволувањето на страстите, благоденствието, комфорот, свет кој ја поставува слободата не во жртвата и љубовта, т.е. во Крстот, туку во егоизмот.

"На 11 Јули, во 6:45 часот, на 307-от километар од патот Атина – Солун, надвор од Аерино Магнисиас, една сообраќајна несреќа го трогна народот во

Алмопија Пелис и ја потопи во жалост малата Пиперја. Трагична личност е 27 годишниот сопруг и татко Пасоис Статис. Сам и беспомошен и повреден ги извлече од кршот на автомобилот својата 23 годишна сопруга Елени, веќе мртвото 14 месечно негово ангелче, Николина, и нејзината 3 годишна ќеркичка, соочувајќи се со индиферентноста на минувачите. Несреќниот млад човек застана на средина од патот со раширени раце молејќи да застане некој човек за да ги пренесе повредените во болница. Меѓутоа изгледа дека во нашата земја не постојат веќе луѓе" (Μακεδονια 29.7.1989).

Овој свет не сака да чуе за воздржаност, за власт над страстите, за жртва, за пост, за аскеза. Во суштина, се одрекува од Крстот и затоа не може да совоскресне со Христа. Останува во пропадливоста, во смртта, во празнотија, во досада, во униние, во безизлез. Се забавува, но не се радува.

Отец Димитриј Дутко успешно забележува во својата книга "За нашата надеж": "Очигледно е дека понекогаш, и покрај нашата вера во Христа, се обидуваме дури и патот кон Царството Божјо да го направиме комфорен! Светот со неговите добра и со неговиот технички напредок нѐ спопалаве. И ако понекогаш зборуваме за труд и за страдања, се случува наеднаш да кажеме: "Христијанството е радост". Сѐ треба да биде радост! Меѓутоа радоста не доаѓа така. Радоста не се купува. Не се купува со пари. Радоста на христијанинот се купува со труд и страдања. Но средства за купување нема! За да се спаси човекот, нашиот Господ висеше на Крстот. Доброволно. И беше распнат, и умре. Потоа дојде воскресението и радоста.

Кој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе и нека го земе крстот свој и нека Ме следи, рече Христос. Неопходно е да го земеме својот крст. Оној што без крст оди по Христа, не е достоен за Христа. Тоа мошне јасно ни го рече самиот Христос: не е достоен за Мене. Тоа значи: верата и љубовта на таквиот човек спрема Христа не се чисти; не вредат ништо.

Крстот нѐ плаши. И тоа е природно, затоа што ни го одзема. Болката е нешто страшно за нас, но, всушност, комфорот е тој што би требало да нѐ плаши. И навистина, сите современи зла за свој извор го имаат комфорот во животот. Трудот, страдањата, крстот, - вели Христос - е нешто добро. И така, Неговиот товар станува лесен".

Овој свет, кој го отфрла Крстот Христов, мора денес да со соочи со немилосрдни удири, коишто се последици на неговиот антикрсен став, на неговото себељубие: сидата, наркотиците, страшната еколошка катастрофа.

А решението не се наоѓа таму каде што се претпоставува дека е, т.е., во преземањето одредени заштитни мерки. Полезни се и тие, но не се доволни. Најкоренито решение е единствено покајанието (преумувањето). Она покајание кое ја спаси Ниневија од катастрофата.

Јудејците бараа "знак" од Христа. А Христос им рече дека ќе им се даде знакот на пророкот Јона, т.е. Неговата смрт, погребението и воскресението (Мат. 12, 39). Тоа е и денес знакот за решавањето на нашиот безизлез и на катастрофата што доаѓа. Значи, изборот на крстоносниот начин на живеење како единствен вистински начин на живеење.

Еден од западните отци од светоотечката епоха, св. Августин, рекол: “Познавам три крста: Еден крст што спасува. Тоа е крстот Христов. Преку тој крст се спасува човекот. Другиот крст е крстот на разбојникот распнат од десната страна. Познавам и трет крст преку кој може да се загуби вечноста. Тоа е крстот на разбојникот распнат лево од Христа. Образците на овие двајца луѓе (двајца разбојници), го претставуваат севкупното човештво. Крстот на разбојникот од десната страна го прифаќа и го зема врз себе Христовиот крст. Крстот на разбојникот од левата страна го претставува оној дел од човештвото кои не го прифаќаат Христовиот крст и загинуваат. И воопшто, крстот не можеме да го избегнеме на ниеден начин”.

Христијаните коишто живеат во овој свет што го отфрла крстот, треба многу да се борат за да не бидат вовлечени од материјалистичкиот и антикрсен дух. Секој момент треба да избираат помеѓу двата начини на живот: Крстоносниот во Христа живот и световниот антикрсен живот, т.е. помеѓу крсната љубов и антикрсниот егоизам.

Со љубовта се сораспнуваме со Христа, додека со егоизмот Го распнуваме Христа и стануваме непријатели на Христовиот Крст. За старите и новите распнувачи на Христа говори и Апостол Павле: “Оти мнозина, за кои често сум ви зборувал, а сега дури и со солзи говорам, постапуваат како непријатели на крстот Христов; нивниот крај е погибел, нивниот бог - стомакот, а славата - во нивниот срам; тие мислат за земните работи” (Фил. 3, 18 - 19).

Ѓаволот се обидува да ги исплаши христијаните

дека, ако го изберат крстоносниот живот, нема да непредуваат, нема да опстанат (со крстот во раката не напредуваш), туку ќе станат жртви на злоупотреба од страна на другите, и тогаш им советува тие да да ги злоупотребуваат (за другите да не ги злоупотребуваат нив).

Така од маловерие ја пренебрегнуваат Благодатта, силата и заштитата Божја за сите коишто ги пазат Неговите заповеди. И уште имаат да се соочат со искушенија од луѓето на нивното опкружување коишто им го повторуваат она што Му го кажувале распнувачите Христови на Христа: "Ако Си Син Божји, слегни од Крстот" (Мат. 27, 40).

Евреите Го барале Исуса Христа Месијата, но без крст. И денес световните луѓе сакаат да направат еден земен рај без Крст. Нè повикуваат и нас христијаните да го оставиме крстоносниот начин на живеење. Колку ли реакции од опкружувањето имаат благочестивите родители кои усвојувајќи го крстоносниот дух стануваат многудетни? Колку искушенија имаат младите кои сакаат да живеат во благочестивост и чистота?

Ако Антихристот војува против Христа, го прави тоа бидејќи Христос е распнат Христос, а тоа значи и воскреснат. Тој, Антихристот, како лажен месија и лажен пророк, им ветува на луѓето земен рај, искупување и спасение без крст. Меѓутоа како може да постои рај без љубов, љубов без самоодрекување? Востанието против егоизмот е најрадикалното востание во светот, во кој без тоа востание не може да се случи никаква промена на подобро. Карактеристично е толкувањето што му е дадено на бројот на Антихристот 666, којшто на грчки

се пишува ΧΞΣτ (Χριστος Ξενος Σταυρου - Христос туѓ на Крстот). Значи, Христос без Крст е Антихристот и сите негови претечи.

* * *

Да ја побараме денес благодатта од Распнатиот и Воскреснатиот Господ, за да не бидеме вовлечени од Антихристот. Да не ги одречуваме Неговиот Крст и нашиот крст, љубовта, духот на жртвата и принесувањето, смирението, трпението во страдањата, воздржанието, аскезата.

Особено во моментите кога егоизмот настојува да нè овлада да се вперименe кон Распнатиот, како што и отруените Евреи во пустината правеле со бакарната змија.

Да ја распнеме на Неговиот Крст секоја наша егоистичка желба, секоја гревовна плотска страст, секое наше непослушание, секоја наша злоба и злопаметење, секое наше нетрпение, секој наш гнев и лутина, секое наше маловерие.

А ако од човечка слабост и негрижа паднеме и делуваме антикрсно, да се покаеме и преку покајанието да се вратиме во крстоносниот живот.

Да ја побараме за тоа и помошта на нашата Пресвета Богородица, која не само што не Го одврати својот Единороден Син од Крстот, туку и самата живееше крстоносно, и расудливо Му помагаше на нејзиниот Син во подигањето на Неговиот крст. Сега ни помага и нам во подигањето на нашиот сопствен крст, крст што води во Воскресение. Нашата Црква со премудрост не тајноповедува во крсновоскресенскиот

живот. Во нашата крсновоскресенска Црква и ние стануваме крсновоскресни Христијани.

Хорот на светите на нашата Црква е хор на распнатиивоскреснати,насораспнатиисовоскреснати со Христа, коишто околу Закланиот Агнец на чело со Пресветата Богородица ја пеат новата песна. Тоа е вечната Пасха.

На таа Пасха сите нас нè повикува Христос преку Неговиот Крст.

# *ГОСПОДОВАТА МОЛИТВА*

## Предговор

Поимите на Евангелското слово се формулирани преку Светиот Дух и затоа имаат дијахронична вредност и вечна перспектива.

Секое учење, парабола, расказ, опишување, секој збор што се содржи во Евангелието Христово има најголема длабочина и значење. Не се исцрпуваат само во едно површно толкување што нашите сиромашни духовни мерила можат да го сфатат. Тоа важи и за Богопредадената молитва, нашето познато “Оче наш”, којашто Самиот Господ ѝ ја предаде на Својата Црква како пример на молитва за сите нас.

Нашите свети отци го живееле Евангелието Христово. Ги пазеле Неговите свети заповеди. Нивниот живот, нивните зборови станале проекција на Евангелието и нивното искуство во Духот Божји го збогатува светото Предание на Црквата. Ја објавуваат големата длабочина на спасителните зборови на Христа Владиката и докажуваат дека Неговите заповеди “не се тешки”, туку можат да ги применуваат христијаните од секоја епоха, укорувајќи ги така нашето маловерие, негрижа и мрзливост.

Имајќи ги старите и новите свети отци како толкувачи на Господовата Молитва ја испитуваме и допираме нејзината длабочина вознесувајќи ја кон Господа.

Го молиме Христа Спасителот да ни ја дава и нам, современите христијани, Својата благодат, та нашиот живот во Христа да се темели на молитвата - како заедница со живиот Бог. Но и обратно, нашата молитва да биде израз на живото присуство Божјо во

нашиот живот и да извира од него. Со други зборови, молитва да биде самиот наш живот кој, пак, ќе ги вдлабочува и вдахнува зборовите што Му ги упатуваме на Светиот Бог.

## ГОСПОДОВАТА МОЛИТВА

Нашата света Православна вера не е една од идеологиите или философиите или религиите на овој свет. Бог на Православните не е Богот на философите, т.е. една идеја или некое возвишено безлично начело или некоја религиозна вредност во која се воздигнуваме почнувајќи од подолните вредности.

Ние Православните веруваме во Личниот Бог, Отецот и Синот и Светиот Дух. Тој Троичен Бог ни се открива Себеси преку Втората Личност, Господ наш Исус Христос. Исус Христос се воплотува, го проповеда Евангелието, чудотвори, се распнува, воскреснува од мртвите, се вознесува на небесата и Го испраќа Утешителот, за да нѐ соедини со Бога Отецот и да го воспостави нарушениот однос со Него. Да нѐ донесе во лична средба, општење и соединување со Бога.

Бидејќи Бог е личен, ние не можеме да Го спознаеме надвор од љубовниот однос со Него, што го негува молитвата. Ако Бог беше идеја, тогаш ќе можевме да Го спознаеме со логички докази. Моли се и љуби Го Бога за да Го спознаеш, можеме да му кажеме на некој што Го бара Бога.

Преку молитвата непристапниот Бог станува

за нас пристапен. Непознатиот Бог станува познат. Туѓиот Бог ни станува свој и пријател.

Тој пат ни го покажа Богочовекот нашиот Господ. Нè научи уште дека треба да се молиме со смирение, незлопамтивост, трпение. Ни остави и образец, пример за молитва, на сите христијани познатата “Господова молитва”, “Оче наш”.

Вредноста на оваа молитва е човечки непроценлива:

Прво, затоа што е од Бога предадена.

Второ, затоа што со неа се молеа и се осветија Пресветата Богородица, светите апостоли, светите маченици, преподобните отци, благочестивите христијани од сите векови.

Трето, затоа што го резимира целото Евангелие и сите догмати на нашата вера.

Според св. Максим: “Оваа молитва содржи прозба за сè она што Логосот Божји го предизвика со Своето снисходење при воплотувањето, и нè учи да копнееме по оние блага коишто само Бог Отец, преку природното посредништво на Синот, вистински ги разделува со (преку?) Светиот Дух. Тие дарови се седум: Теологија, посинување преку благодатта, источесност со ангелите, учество во вечниот живот, воспоставување на природата, разрешување на законот на гревот, и отфрлање на тиранијата на лукавиот кој завладеа над нас со измама”.

Таа е пар ецелланце молитва на Црквата. На Богослуженијата во деноноќието се произнесува 16 пати, а на Великата Четириесетница 22 пати. А на некој начин е и резиме на Божествената Литургија.

Затоа сметав за полезно во вечерашнава моја

беседа да ве повикам да се вдлабочиме и насладиме во нејзината Божествена и спасителна смисла, имајќи ги за раководители нашите свети отци, та да се молиме со неа со повеќе љубов и знаење.

## Оче

Господовата молитва почнува со овој призив. Господ нè учи Бога да Го нарекуваме Отец.

Отец, затоа што е наш Создател. Он е дарител на битието, на животот. Отец, затоа што за нас христијаните Он е дарител и на добробитието, на посинувањето кое ни го подари преку Исуса Христа. Во периодот пред Христа, поради нашето отпаѓање од нашиот Небесен Отец, бевме не само разделени од Него, туку и непријатели. По природа Синот на Бога Отецот со Неговото вочовечување и со Неговата крсна смрт нè помири со Бога Отецот и нè направи Негови деца по благодат. Благодатта на посинувањето ја примивме со светото Крштение. Така станавме и браќа на Христа Кој е прворoден меѓу многуте браќа.

Значи Отец е, затоа што ни го дава животот; и не само животот, туку во Христа Неговиот живот. Повикувајќи Го пресветиот Бог и сесилниот Создател на сè “Отец”, ние го исповедаме сето она што Он го направи за нас, Неговите недостојни деца, а особено преку нашиот Господ Исус Христос во Светиот Дух. Така призивот “Оче” нè возведува во троичноста на Бога.

Св. Максим Исповедник пишува: “Долично Господ учи веднаш да почнат (тие кои се молат) од теологијата; исто така ги воведува битијата, Он Кој по

суштината е причина за битијата. Зашто зборовите од молитвата содржат објавување на Отецот и на името на Отецот, и на царството на Отецот, за да научиме уште од почетокот да ја почитуваме и да ѝ се поклонуваме на Троица во Единица. Бидејќи име на Бога и Отецот, со суштествена ипостас, е Единородниот Син. А царство на Бога и Отецот, со суштествена ипостас, е Светиот Дух".

Неговата бескрајна љубов и човекољубие ни дозволува и поттикнува да Го именуваме наш Отец. Се замајува умот на побожниот човек.

"Кој ќе ми даде крилја гулабови според псалмот, пишува св. Григориј Ниски, за да можам да се издигнам над сè сетилно и променливо, до Непроменливиот и со непроменлива состојба на душата да Го молам прво со мојата волја, а потоа да Го призивам со многу синовски призив и да кажам: Оче. Каква душа треба да има тој што така ќе Му зборува на Бога? Колкава слобода? Каква совест?"

Голем и непроценлив е дарот. Колку пати посакаме можеме да Му се обратиме на Бога и да Го наречеме наш Отец. И уште, кога христијанинот ќе се удостои и осетно ја прими благодатта на Светиот Дух, тогаш и го чувствува срдечно татковството на Бога и своето сопствено синовство. Чувствува синовска и нежна љубов кон Бога Отецот. Се чувствува како син кој Го љуби Отецот што него го љуби и се грижи за него.

Самиот Свет Дух вика во нашето срце ава Оче, т.е. Тате, Тате, создавајќи ја таа нежна љубов кон Бога. "Дека сте синови, Бог Го испрати Духот на Својот Син во нашите срца, Кој вика: ава Оче".

Според образот на Небесниот Отец можеме и

ние луѓето да стануваме вистински татковци, духовни или телесни. Св. Григориј Палама учи дека не Го именуваме Бога Отец по аналогија на луѓето татковци, туку луѓето татковци ги именуваме по образот на Бога Отецот, од Кого, според великиот Павле, секое татковство на земјата се именува". Ако земните татковци ја одразуваат благодатта и благословот на Небесниот Отец, тогаш се и вистински татковци. Без таа благодат не се вистински и автентични татковци и не можат да им принесат нешто суштинско на своите деца. Кога луѓето се оддалечуваат од Небесниот Отец, не можат да станат вистински и правилни татковци.

Колку луѓе страдаат денес затоа што не познаваат еден вистински и нежен татко? Еден инославен христијанин, кој пријде во Православието, рече дека станал православен затоа што само во Православието нашол духовен татко, дар што се загубил во западното христијанство. Се сеќавам на романскиот писател Виргил Георгиу кој, како што наведува самиот, во лицето на сиромашниот но свет свештеник, негов отец, го видел лицето на Бога. Тоа видение не го оставило никогаш да се оддалечи од Бога за време на неговиот многубрануван живот.

Призивајќи Го Бога Отец, ја признаваме Неговата промисла за нас. Не сме сираци. Не се наоѓаме во животот затоа што така сака некоја среќа или слепа судбина. Ние сме созданија на Неговата љубов и постојано се наоѓаме под Неговото татковско следење и грижа. Дури и зад страдањата и искушенијата во животот се наоѓа Неговата љубов која нè воспитува и исцелува.

На татковската љубов Божја нè потсетува св. Козма

Етолски: "А прво сме должни да Го љубиме нашиот Бог, бидејќи ни подари толкава голема земја, пространа, овде привремено да живееме; толку илјадници и милијарди тревки, растенија, извори, реки, бунари, море, риби, воздух, ден, ноќ, оган, небо, ѕвезди, сонце, месечина. Сето тоа за кого го направи? За нас. Со што нè задолжи? Со ништо. Сè е дар. Нè направи луѓе, а не животни, нè направи благочестиви и православни христијани, а не нечестиви и еретици. И кога грешиме илјада пати во еден час, Он е милостив како татко и не нè умртвува ставајќи нè во пеколот, туку го чека нашето покајание со Неговите отворени прегратки; да се покаеме, да престанеме со злото, да се исповедаме, да се исправиме, да нè прегрне, да нè целива, да нè стави во Рајот да се радуваме постојано. И сега, Еден таков најсладок Бог и таков Господар и Владика не треба ли и ние да Го возљубиме и, ако е потребно, да ја пролееме и нашата крв илјада пати за Неговата љубов, како што и Он ја пролеа за нашата љубов?"

Значи, чувство на сигурност што ја изгонува секоја несигурност, извира од призивањето на Бога со вера, како наш Отец.

Голема е честа да Го нарекуваме Бога наш Отец, но и голема е одговорноста што произлегува за нас кои треба да живееме живот достоен на нашиот Небесен Отец. Да се сетиме на зборовите од нашиот Господ: "Бидете милостиви, како што е милостив и вашиот Отец" (Лука 6, 36). "Бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец Небесен" (Мат. 5, 48).

Во врска со тоа св. Никодим Агиорит пишува: "Затоа Господ ни порачува со каков вид молитва да се молиме кон нашиот Отец по благодат, за да се запазиме

постојано под благодатта на посиновувањето до крајот; значи, за да бидеме деца Божји не само според повторното раѓање и крштението, туку и според трудот и делувањето. Бидејќи оној што не врши духовни дела достојни за преродувањето одозгора, туку врши дела сатански, таквиот не е достоен да Го нарече Бога Отец, туку Ѓаволот, според зборовите на нашиот Господ: "Вашиот татко е ѓаволот, и вие сакате да ги исполнувате желбите на својот татко"(Јован 8, 44), т.е. вие според злобата сте родени од вашиот татко ѓаволот, и злите желби на вашиот татко сакате да ги вршите. Ни заповеда, пак, да Го нарекуваме наш Отец, од една страна за да не информира дека навистина сме се родиле како деца Божји со повторното раѓање на Светото Крштение, а од друга страна дека треба да ги пазиме и ознаките, т.е. добродетелите на нашиот Отец".

**Наш**

Карактеристично е тоа што Господ нè учи да Го призиваме Бога не само Оче, туку Оче наш. Не Оче мој. Така не одвраќа од еден егоистички однос со Бога. Постои Бог и ние, а не Бог и јас. Така нашето срце се отвара за сите наши ближни кои, поради нашето заедничко потекло од Бога Отецот, се наши браќа по природа. Се отвара и за сите православни христијани кои, поради нашата заедничка вера и нашето заедничко раѓање од истата духовна утроба на Црквата, од светиот крштелен купел, се наши и по благодат и по дух браќа.

Како можеш да Го имаш Бога за Отец без да ги прифаќаш твоите ближни, а особено твоите истоверни,

како браќа?

"Господ нè учи, пишува св. Јован Златоуст, да се молиме за сите, да ги упатуваме молитвите за заедничкото тело и воопшто да не стремиме кон нашиот индивидуален интерес, туку во секој случај кон интересот на ближниот. Така и непријателството го елиминира и неразумноста ја потиснува, зависта ја исфрла, и ја воведува мајката на сите добродетели љубовта, и ја изгонува аномалијата на човечките работи и покажува дека е многу голема источесноста на царот со сиромавиот, бидејќи во најголемите и најнеопходните добродетели учествуваме сите.

Со прифаќањето да се нарече Татко на сите, ни го подари на сите истото благородно потекло и источесност. Така, сите сме соединети и никој нема повеќе од другиот, ниту богатиот од сиромавиот, ниту господарот од слугата, ниту началникот од потчинетиот, ниту царот од војникот, ниту философот од варваринот, ниту мудриот од неписмениот".

Како што ќе видиме понатаму, и останатите прозби од Господовата молитва ни помагаат да го надминеме нашиот болен индивидуализам и егоцентризам, себељубието, и да се отвориме и да Му се принесеме на Бога тецот и на сите наши браќа. Значи, да го стекнеме Богољубието, коешто нераскинливо е поврзано со човекољубието – братољубието.

## Кој Си на Небесата

Сесветиот Бог е наш Отец, но и единствениот Отец на Небесата. Свети Јован Златост разјаснува дека "Кој Си на Небесата" не Го ограничува Бога на

небото, туку оној кој се моли го издигнува од земјата и го устремува кон вишните простори и небесните живеалишта.

Значи зборовите “на Небесата” ја означуваат светоста Божја, а не местото на секаде присутниот Господ.

Така богословствува и св. Григориј Ниски: “Зашто разликата помеѓу Божественото и човечкото не е просторна, та да имаме потреба од некаква направа или некаков изум за да го пренесеме ова тешко, грубо и земно тело во бестелесната и духовна форма на живот. Но бидејќи добродетелта е духовно одвоена од злото, само на човековата слободна волја останува да биде во она кон кое тежи со својата желба”.

Св. Никодим Агиорит ни ја дава практичната и морална последица на оваа фраза: “Но бидејќи нашиот Отец е на небесата, треба и ние со нашиот ум да гледаме кон небото, таму кадешто е нашата татковина, Горниот Ерусалим, а не долу во земјата како свињите, туку кон Најслаткиот наш Спасител и Владика и кон небесните убавини на Рајот. Не само во време на молитва, туку постојано и во секое време треба нашиот ум да го имаме на Небото, за да не се расејува овде долу во трулежните и привремени нешта”.

## Да се свети името Твое

Тоа е првата прозба на Господовата молитва. “Да се свети” значи “да се слави”, според св. Јован Златоуст. Секако, нетварниот Бог нема потреба да биде славен од неговите тварни созданија. Меѓутоа сака да Го славиме, бидејќи тоа ни е од полза нам луѓето.

Нè пази од опасноста да се славиме себеси со лажна слава која не ни припаѓа. Славољубието е рожба на себељубието. Прославувајќи Го Бога ние се поставуваме правилно во светот, признавајќи Го Бога како достоен за слава, бидејќи Он е Создателот, Отецот, Сесветиот, Искупителот, Почетокот и Крајот, Центарот на светот. Додека ние сме Негови созданија кои постоиме и живееме затоа што Он тоа го сака.

Славејќи се себеси, ти се заблудуваш. Славејќи Го Бога ја признаваш твојата природа, твоето назначение, т.е. дека не си ти центарот на светот, не си изворот на животот и на светоста, не си сам по себе бескраен и бесмртен. Со други зборови, ги прифаќаш твоите граници.

Кога луѓето се слават себеси, тогаш не можат да Го слават Бога. Тоа се случи со првосоздадените луѓе. Тоа се случи со учителите Израилеви, за кои зборува Господ во Евангелието според Јован: "Како можете вие да поверувате, кога примате слава еден од друг, а славата што е од Единиот Бог не ја барате?" (Јован 5, 44). Тоа се случува и со нашата современа хуманистичка философија, која сака човекот да биде центарот на светот. Ставот на човекот хуманист ја резимира францускиот писател атеист Ж. П. Сартр, кога Му вели на Бога: "Кога постоиш Ти, тогаш не можам да постојам јас. Или Ти, или јас".

А човекот вистински се прославува кога Го слави Бога, кога во Бога може да стане не независен од Бога, не лажен бог, туку Бог по благодат, беспочетен и бесконечен, според св. Григориј Палама.

Неодамнешните политички збиднувања во источна Европа уште еднаш покажаа дека, кога луѓето

одрекуваат да Го слават Бога, обоготворуваат некој човек кого го слават како Бог. Меѓутоа идолите паѓаат и оние кои одрекуваат да Го слават вистинскиот Бог се наоѓаат во хаос.

И уште, човекот кој одрекува да Го слави Бога, на крајот наместо со слава бива обвиткан од безбројни страсти и зла.

Христијаните можат да придонесат во прославувањето на Бога кога живеат свет живот. Да се сетиме на Господовите зборови: "Така да засветли вашата светлина пред луѓето, та да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Отец Небесен" (Мат. 5, 16).

Напротив, пак, кога не живееме достојно за Бога, во Кого веруваме, "се хули името Божјо поради вас меѓу незнабошците" (Рим. 2, 24). Затоа и молитвата да се свети името Твое" конечно значи, според св. Јован Златоуст: "удостој ... нè нас така да живееме чисто, та преку нас да Те прославува секоја твар".

Според истиот Светител, знак на совршена философија е да им даваме на сите пример на неосквернет живот, та секој еден што нè гледа да Му вознесе славословие на Бога за тоа.

Името Божјо се слави, кога христијаните непрестајно, срдечно и умствено повикуваат: "Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот". Веќе беше кажано дека името Божјо е Исус Христос. Призивот на Божјото име го осветува човекот. А кога човекот се осветува, тогаш се прославува и Небесниот Отец.

Во оваа прилика би сакал да го искажам ставот дека молитвата "Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот", е резиме на Господовата

молитва. Призивот и првите три прозби се резимираат во "Господи Исусе Христе Сине Божји", додека последните три во "помилуј ме грешниот".

Така молитвата го изразува духот на Господовата молитва, и уште го подготвува оној што се моли да ја кажува со повеќе ревност и духовно чувство молитвата "Оче наш".

### Да дојде Царството Твое

Кога Бог царува во човекот, тогаш човекот се ослободува, се смирува, се успокојува, се осветува. Кога не царува Бог во човекот, тогаш човекот е изложен на тиранијата на ѓаволот којшто го поробува во страстите, во себељубието и го носи во униние, во празнотија, во досада, во осаменост, правејќи го неговиот живот пекол.

Денешниот свет кој се откажува од Царството Божјо, се измачува од ужасни демонски состојби, како што се магијата, суеверијата, наркотиците, тероризмот, криминалот, рушењето на семејството.

Значи, Господ нè учи да бараме да дојде Царството Негово, кое според светите Отци е благодатта на Светиот Дух. Св. Никодим Агиорит пишува: "Бидејќи човечката природа своеволно беше заробена од човекоубиецот Ѓаволот, затоа нашиот Господ ни заповеда да Го молиме Бога да нè ослободи од горчливата тиранија на Ѓаволот. Поинаку тоа не бива, освен ако Царството Божјо дојде во нас, односно Светиот Дух, да го исфрли од нас непријателот тиранин и да се зацари во нас...Затоа треба, според св. Максим, да велиме: да дојде Твојот Свет Дух да

не очисти целосно, и душата и телото, та да станеме живеалиша достојни за да ја примиме целата Света Троица, да се зацари во нас Бог, т.е. во нашите срца, како што е напишано: царството Божјо е внатре во вас (Лука 17, 21)".

Книгата "Битие" ни вели дека при создавањето на светот темнина ја покриваше безднато и Светиот Дух се вознесуваше над водата. Светиот Дух ја изгони темнината и му даде форма на хаосот. Темнина и хаос царуваат и во внатрешноста на човекот. Само кога човекот ќе Го остави Светиот Дух да се всели во него, тогаш се очистува од страстите, се просветлува, ја наоѓа својата внатрешна хармонија и единство. Затоа и во молитвата кон Светиот Дух "Цару Небесен", што е проширување на "да дојде Царството Твое", велиме: "дојди и всели се во нас и очисти нè од секаква нечистотија и спаси ги Благи нашите души".

Во врска со ова св. Григориј Ниски пишува: "Значи ако побараме да дојде во нас Царството Божјо, тогаш да Го молиме Бога со сета наша сила: да се ослободам од трулежноста, да се ослободам од смртта, да ми се раскинат врските на гревот, да не царува над мене смртта, да стане бездејствена веќе противничката власт на злото, да не ме победува непријателот ниту да ме поробува со гревот, туку да дојде во мене Твоето Царство, за да отстапат од мене или подобро да отстапат во небитие страстите што сега владеат и царуваат".

Од горе кажаното е јасно дека Царството Божјо не е едно надворешно средување на светот, туку вселувањето на Светиот Дух во нашите срца, што како резултат го има преобразувањето на светот преку

преобразените луѓе.

Затоа нашата православна Црква никогаш не стремела кон освојувањето на светот, како што тоа го прави западното христијанство, туку кон неговото преобразување во Христа. И православното монаштво не е активистичко, туку исихастичко, на молитвата и на созерцанието, преку кои човекот се осветува и се преобразува во нова твар.

Учеството на светите во нетварната светлина на Света Троица е, според св. Григориј Палама, учество во Царството Божјо, во Неговата слава и во Неговата блескавост.

### Да биде волјата Твоја како на небото така и на земјата

Егоистичната волја го раздели човекот од Бога, го изгони од рајот и стана причина за сите зла. Ако не се одрече човекот од неговата егоистична волја и ако не ја усвои светата волја Божја, тогаш не може да се исцели од тешката болест на себељубието и на егоизмот.

Новиот Адам, Христос и новата Ева, Богородица со нивното совршено послушание дојдоа да го поправат непослушанието на Адам и Ева кон светата волја Господова. Христос стана послушен на волјата на Својот Отец до смрт и тоа смрт на крст. При агонијата во Гетсиманија Господ целосно се предаде на волјата на Бога Отецот: “Оче Мој, ако е можно да одмине од мене оваа чаша; но не да биде Мојата волја, туку Твојата” (Мат. 26, 39).

Така ни го отвори затворениот до сега пат кон Бога преку Неговото послушание и стана духовен

родоначелник на родот на послушните деца Божји.

Секој христијанин што пред светото Крштение се одрекува од ѓаволот и се соединува со Христа, ветува дека влегува во послушанието Христово.

Благодатта да ја вршиме ние и сите луѓе светата волја Господова ја бараме со оваа прозба. Бараме да биде волјата Божја целосно, како што бива со светите ангели, кои се совршено послушни на Бога. Св. Јован Златоуст толкува: "Така и нас луѓето удостој не Твојата волја да ја вршиме не половично, туку секогаш потполно, онака како што Ти Боже сакаш". И додава: "И пак, му заповеда на секој од нас кои се молиме да ја примиме врз себе грижата за целиот свет. Никогаш не рекол, "нека биде волјата Твоја во мене, или во нас", туку секаде на земјата, та да се развее заблудата, да се засее вистината и да се изгони секое зло и да дојде добродетелта, и веќе да нема разлика помеѓу небото и земјата. Ако би било така, по ништо не би се разликувало пониското од повисокото, и ние би се покажале како други ангели на земјата".

Св. Јован Златоуст проповедаше и бараше од христијаните да го живеат совршениот христијански живот, та пред да се преселат во вечниот живот да го живеат Царството Божјо. Земјата да стане небо.

Луѓето ги пазат заповедите Божји или од страв да не бидат казнети, или за да примат награда од Бога, или од чиста и несебична љубов кон Бога. Во првиот случај делуваат како слуги, во вториот како наемници, а во третиот како синови. Кон ова последново треба да стремиме сите. Да ја вршиме Божјата волја од чиста љубов кон Бога, како Негови синови. Тоа е знак на совршенство. Така прават и светите ангели на небото.

Се дури човекот ја врши својата волја, не може да го најде вистинскиот внатрешен спокој. Меѓутоа кога ја врши Божјата волја, тогаш се спријателува со Бога и наоѓа мир. Тоа е оној "вишен мир" што го бараме на Литургијата.

Внатре во заповедите Божји се крие Самиот Бог, според светите отци. Затоа и оној кој ги пази заповедите Божји се соединува со Бога.

Но дури и кога го вршиме сето она што ни е заповедано, ќе се чувствуваме како "непотребни слуги", според Господовите зборови, зашто не не спасуваат нашите добри дела, туку Божјата благодат. Фарисејското самооправдување (морализам) нема никаква врска со смирениот православен христијански етос. Како што учеше и св. Серафим Саровски, нашите добри дела се претпоставка за да ја примиме благодатта Божја, но и нејзин плод. Меѓутоа никогаш не можат да бидат целта на христијанскиот живот, која секогаш е стекнувањето на Божјата благодат.

Пазењето на Божјите заповеди, кои длабоко ја изразуваат содржајната добродетел на љубовта, води во вистинска слобода, во слободата на љубовта која го ослободува човекот од егоизмот. Слободата на егоизмот е лажна слобода. Христијаните избирајќи ја послушноста спрема Бога ја избираат слободата на љубовта, која го претпоставува распнувањето и жртвувањето на нашиот егоизам.

Тоа е она што го велат светите Отци низ нивната борба и искуство: "Послушанието живот, непослушанието смрт".

### Лебот наш насушен дај ни го денес

Според св. Јован Златоуст, што се однесува до живеењето, етосот, Господ ни заповеда да бараме ангелско однесување и да го исполнуваме она што ангелите го исполнуваат. Меѓутоа бидејќи ние луѓето носиме тело, нè научи да го бараме и она што е потребно за телото. Меѓутоа да го бараме на духовен начин. Да не ги бараме раскошот и насладата, туку лебот насушен (т.е. основното и неопходното), и тоа "денес", без агонична грижа, "та понатаму да не се мачиме со грижата за утрешниот ден".

Според светите отци, со оваа прозба го бараме не само материјалниот леб, туку пред сè духовниот Леб, Којшто е Христос. Христос ни се принесува нам со Неговите зборови и со Неговите тело и крв. На секоја Литургија се врши тој принос.

Во првиот дел на Литургијата (дидактичкиот - поучниот) се принесува словото Божјо со стиховите од Стариот Завет во Антифоните и во продолжение со Апостолското и Евангелското читање. На Света Гора се пеат и блаженствата.

Во вториот дел на Литургијата учествуваме во Христовата жртва и се причестуваме со Неговото распнато и воскреснато Тело. Затоа и пред причестувањето ја кажуваме оваа молитва, откако претходи возгласот "и удостој нè, Владико, со смелост неосудно да смееме да Те повикуваме Тебе Небесниот Отец, и да говориме".

Така оваа молитва непосредно се поврзува со Евхаристијата и нè води во евхаристиска употреба на светот. Барајќи ги од Бога благата, Го признаваме како единствен дарител на секое добро, а сите дарови во

животот ги признаваме како Негови дарови.

Тоа ни помага да имаме смирение, искреност и благодарност кон Бога. "Да Му благодариме на Господа", "Достојно и праведно е", "За сето ова Ти благодариме... за видливите и невидливи доброчинства што ни се направени... знајни и незнајни".

Ни помага уште и да Му ги возвратиме на Бога Неговите дарови: "Твои од Твоите Тебе принесувајќи Ти за сите и за се".

Сега можеме да го запазиме правилниот став спрема даровите Божји, спрема луѓето и стварите, кои бидејќи се дарови Божји не треба да ги презираме или да ги бесчестиме или да ги експлоатираме. Така можеме да вршиме правилна евхаристиска употреба на светот одбегнувајќи ја духовно катастрофалната неправилна употреба или злоупотреба. Да го имавме усвоено евхаристискиот начин на живеење, ќе ја почитувавме тварта која не опкружува и немаше да стасаме до денешнава страшна еколошка катастрофа.

Да внимаваме и на следново. Современиот потрошувачки начин на живот доаѓа во целосна спротивставеност со духот на оваа прозба. Не е евхаристиски, туку неевхаристиски (неблагодарен). Не е братољубив, туку егоистичен и индивидуалистичен. Не ја сака умереноста, и она што е неопходно, туку стреми кон безумното расипништво и раскош. Меѓутоа сите знаеме дека нашето хиперпотрошувачко општество конечно станува наш гроб и причина за многу неправди и општествени зла.

Исто така достојно за внимение е и тоа дека не го бараме насушниот леб само за себеси, како и во претходните прозби, туку за сите нас. Не можеш да

ги заборавиш твоите браќа кога ги бараш од Бога метријалните и духовните блага.

На зборот “наш”, а не на зборот “нам (ни)” од прозбата се темели православната социологија, човекољубие и братољубие. Нѐ потсетува на умножувањето на петте лебови и двете риби од страна на Господа во пустината за да се насити сиот народ. А нѐ потсетува и на заедничкиот живот на првите христијани во Ерусалим и на современите монашки општежитија.

На ова се темели и православното мисионерство. Како можеме да не чувствуваме болка и да не се интересираме за раздавањето на Небесниот Леб на оние кои умираат од духовен глад?

### И прости ни ги долговите наши како што и ние им ги проштеваме на нашите должници

Сѐ дури човекот живее егоцентрично, не може да му прости на својот ближен. Неговиот повреден егоизам не му го дозволува тоа. Меѓутоа кога ќе одлучи преку покајанието (преумувањето) да живее Богоцентрично, тогаш им простува на сите кои го навредиле, му нанеле неправда или некаква штета.

Ослободувањето од злопамтењето бара борба, затоа што егоизмот владее над внатрешниот човек. Затоа Господ нѐ научи да го бараме нашето простување од Бога под услов дека и ние ќе им простиме на оние кои ни згрешиле.

Господ би можел, вели св. Јован Златоуст, да ни прости без да бара претходно ние да им простиме на нашите ближни. “Иако и така би се покажало

Неговото човекољубие, Он сепак сака и ти овде да го покажеш своето доброчинство, давајќи ти во сè и насекаде илјадници поводи за благост и човекољубие. Он од тебе изгонува сè што е ѕверско, го гаси твојот гнев и на сите начини те поврзува со другите делови на твоето тело”.

Навистина, со злопамтењето и непријателството се разделуваш од твојот брат, кој е дел од твоето тело, бидејќи и двајцата сте членови Христови, па според тоа и членови еден со друг. Со простувањето и помирувањето ти повторно се соединуваш и се врзуваш со делот од своето тело. Како навистина можеш да се успокоиш, кога некој твој дел е одвоен од твоето тело? Само ако не си дел на Телото Христово или ако си Негов мртов дел нема да го чувствуваш и твојот брат како дел од твоето сопствено тело.

Христијанинот кој живее Богоцентрично, живее подражавајќи Го Небесниот Отец. Бидејќи простува Бог, простува и тој. Инаку како би можел да го бара од Бога сопственото простување, без самиот да му ги прости најмалите престапи на својот брат? Би наликувал на лукавиот слуга од познатата парабола кој, иако милостивиот Господ му прости еден толкав долг, тој сепак не му го прости на својот брат ни најмалиот износ.

Оваа прозба уште ни помага да го одржуваме смиреноумието, бидејќи нè потсетува не само на нашата лична гревовност, туку и на гревовноста на човечката природа, на што мудро се осврнува св. Григориј Ниски:

“Ајде да ги изброиме од овде согрешенијата на луѓето спрема Бога.

Прво, човекот стана виновен за Божјата казна затоа што се оддалечи од неговиот Создател и самиот се приклучи во редовите на непријателот, откако стана бегалец и отпадник од неговиот природен Господар.

Второ, затоа што ја замени својата слобода со погубното ропство на гревот и претпочиташе, наместо да е близу до Бога, со него да завладее силата на пропаста.

Но од кое зло може да се смета за второ тоа човекот да не ја гледа убавината на Создателот, туку да го свртува своето лице кон безобличноста на гревот?

Но и презирањето на Божествените блага и склоноста кон мамките на лукавиот во кој степен на казна може да се вброи?

Исто така изобличувањето на образот и исчезнувањето на печатот, со кој нѐ запечати при нашето првобитно создавање, и губењето на драхмата и заминувањето од татковската трпеза и навиката на нечистиот живот на свињите, и растурањето на драгоценото богатство и други слични согрешенија кои можеме да ги најдеме во Светото Писмо и да ги замислиме во нашиот ум, кој може да ги изброи?

Значи, бидејќи за такви согрешенија е виновен човечкиот род пред Бога и заслужува казна, затоа мислам дека Логосот нѐ воспитува со зборовите на молитвата, да не покажуваме воопшто смелост при нашиот разговор со Бога, како божем да имаме чиста совест, дури и оној кој се повеќе се ослободува од човечките согрешенија”.

## И не нѐ воведувај во искушение, туку избави не од лукавиот

И не дозволувај, Господи, да паднеме во искушение, туку избави нè од лукавиот.

Според св. Максим, има два вида искушенија. Оние што носат наслада и оние што носат болка. Првите се доброволни и ги раѓаат страстите. Вторите се неволни и ги изгонуваат страстите. Доброволните треба да ги одбегнуваме. По неволните не треба да копнееме и да ги сакаме, бидејќи сме слаби и може да поткلекнеме. Но кога ќе дојдат, трпеливо да ги поднесеме со храброст како “чистилиште” на душата.

Осврнувајќи се на искушенијата кои носат болка св. Никодим Светогорец забележува: “Бог, сожалувајќи нè поради нашето беззаконо и јадно паѓање, допушта на нас да наидат искушенија, понекогаш многу ужасни и страшни, на разни начини, за да се смириме и да се спознаеме самите себе, иако можеби тие искушенија нам ни изгледаат бесполезни. Во ова Он ја покажува Својата добрина и мудрост, зашто преку она што нам ни изгледа сосема штетно, ни носи уште повеќе полза, затоа што сè повеќе се смируваме, а тоа е она што е над се друго потребно за нашата душа”.

Господ учејќи нè да не ги бараме искушенијата, вели св. Јован Златоуст, нè воспитува да ја познаваме нашата слабост, и така ја искоренува “надуеноста”, т.е. вообразеноста и гордоста. Меѓутоа кога искушенијата доаѓаат без ние да ги бараме, тогаш треба да се соочиме со нив храбро, “за да покажеме и храброст и непразнославие”.

Св. Јован Златоуст уште забележува дека Господ не вели од “лукавите”, т.е. лукавите луѓе, туку од “лукавиот”, т.е. од ѓаволот, за да нè научи да не бидеме злопамтиви

и да не ги обвинуваме луѓето кои нè навредуваат, туку ѓаволот кој ги поттикнува. А ѓаволот го нарекува лукав, “заповедајќи ни нам да водиме непоштедна војна против него”, но и да покаже дека лукавството (злото) не е природна состојба, туку резултат на лошиот слободен избор.

**Зашто Твое е Царството и силата и славата.**

Природно е Молитвата да заврши со славословие на Бога, а не само со молба да се избавиме од лукавиот. Последниот збор во светот го има Сесилниот Бог, Царот на царевите и Господ на господарите, а не ѓаволот кој по допуштение честопати изгледа како да ги движи конците на историјата. Ѓаволот може да внесе немир, да завладее привремено во светот со неговите слуги, но на крај ќе биде волјата Господова.

Власта на Антихристот е привремена. Христос е вечниот Господар и Цар. Еден Свет, Еден Господ, Исус Христос во слава на Бога Отецот. Амин.

Затоа и само на Троичниот Бог Му припаѓа славата.

Златната уста на Црквата повторно забележува: “Значи, бидејќи нè доведе во состојба на борба со потсетувањето на непријателот и од корен ја отсече сета наша мрзливост, повторно нè охрабрува и го возвишува нашиот ум потсетувајќи нè на Царот чии послушници сме, и покажувајќи дека е Најсилен од сите, вели: Зашто Твое е Царството и силата и славата. Според тоа, бидејќи Царството е Негово, никој не треба да се плаши, зашто не постои никој кој би можел

да Му се спротивстави и да ја дели власта со Него".

* * *

Колку што ни дозволи слабоста и ограниченото време, се вдлабочивме во Божествените зборови на Господовата молитва.

Нашата душа се исполнува со благодарност кон човекољубивиот Господ Кој ни ја предаде оваа света молитва, сила, светлина и утеха на патот на нашиот живот.

Сите прозби на Господовата молитва ни помагаат да се ослободиме од нашето себељубие, да не живееме егоистично за себеси, туку за нашиот Бог и за нашиот ближен. Колку што се празниме од нашето себељубие, толку во нас влегува Бог.

Нека ми биде дозволено да кажам неколку смели зборови, не од лично искуство, туку од искуството на светите и на Света Гора: "Ако целосно се испразниме од нашето себељубие и егоизам, тогаш Целиот Бог ќе дојде во нас". Впрочем тоа го вели и Самиот Господ: "Ако некој Ме љуби, ќе ги пази Моите зборови, и Мојот Отец ќе го возљуби, и ќе дојдеме при него и живеалиште во него ќе направиме". Тогаш човекот може да се радува со највистинската радост и спокој, со онаа радост што им ја вети Господ на Своите ученици и која никој не може да му ја одземе.

Жално е тоа што мнозина луѓе денес не ја кажуваат или не сакаат да ја кажат Господовата молитва. Имаме информации дека постојат наставници кои во моментот кога се произнесува Господовата молитва во

училиштата или не излегуваат во дворот да се помолат заедно со учениците, или стојат со рацете позади за да покажат дека прават нешто во што не веруваат.

Оние што се откажуваат од Христа и од Неговата молитва, свесно или несвесно, оние коишто живеат егоцентрично и себељубиво, кажуваат една друга молитва:

- Не велат: "Оче наш Кој Си на Небесата", туку велат: "Мое јас, тебе те имам за Бог на земјата".

- Не велат: "Да дојде Царството Твое", туку: "да дојде царството мое".

- Не велат: "Да биде волјата Твоја", туку: "да биде волјата моја".

- Не велат: "Лебот наш насушен дај ни го денес", туку: "материјалните блага со луксуз и раскош јас обезбедувам за себе".

- Не велат: "И прости ни ги долговите наши како што и ние им ги проштеваме на нашите должници", туку: "не барам од никого простување, ниту му простувам на некого".

- Не велат: "И не нè воведувај во искушение, туку избави нè од лукавиот", туку: "ги барам сите дозволени и недозволени уживања, а ја мразам секоја жалост".

- Не велат: "Зашто Твое е Царството и силата и славата", туку: "зашто мое е царството и силата и славата".

Не само оние што Го одрекуваат Христа, туку и ние христијаните се случува да имаме некогаш искушенија и падови во овој егоцентричен, индивидуалистички и ѓаволски живот.

Тој егоцентризам е оној кој денес го прави нашиот

живот без излез.

Кризата низ која денес минува нашата татковина[2] во политиката, образованието, во меѓуличните односи, во економијата, мислам дека се должи на ова.

Се одрековме од духот Христов, од духот на Господовата молитва.

Ако нема покајание кај оние кои управуваат и кај оние кои се управувани, тогаш не гледам излез од безизлезот.

Ниедна партија и никаква идеологија не може да нѐ спаси.

Ќе постои решение и светлина доколку ние современите луѓе посакаме повторно да го кажеме "Оче наш" смирено и едноставно и ако посакаме да го прилагодиме нашиот живот на духот на оваа молитва.

А ако тоа не сакаат мнозина да го прават, тогаш да се трудиме да го правиме ние, верниот и воцрковен народ. Затоа што не е мала опасноста да бидеме и ние вовлечени од задушливиот обрач на атеистичкиот индивидуализам, кој нѐ притиска, а без да разбереме дека Богољубието и човекољубието ги заменуваме со себељубието.

Тоа е едно големо искушение, за кое ќе треба да кажеме: И не нѐ воведувај во искушение, туку избави не од лукавиот. Зашто Твое е Царството и силата и славата во сите векови. Амин.

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

КАПСАНИС, Георгиј
Крстот Христов и неговото значење во нашиот живот;
Господовата молитва / арх. Георгиј Капсанис.
Скопје: Премин, 2008. -
- 68 стр.; 20,5 см - (Едиција Правосдавна периодика)
Белешка за авторот: стр. 1

ISBN 978-9989-2244-3-0

1. Капсанис, Георгиј: Господовата молитва
а) Молитва - Христијанство

COBISS.MK-ID 73420298

Дизајн на корица: МАРЈАН ЅИН

Печати: Југореклам Скопје

Тираж: 500